**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403-97/5**
**Скопје, 13.02. 2008 година**

**ДО**

**ДИРЕКТОРОТ НА ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ „АЦО РУСКОВСКИ“ БЕРОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Општинско средно училиште (ОСУ) „Ацо Русковски“ Берово, сметка на буџет за наменски дотации (903) за 2006 година кои се прикажани на страните 4 и 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на сметката буџет за наменски дотации на ОСУ „Ацо Русковски“-Берово, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Стево Суџуковиќ, директор со неограничени овластувања на ОСУ „Ацо Русковски“-Берово, до 21.12.2006, и
- Ефтим Гашчеовски, вршител на должноста директор на ОСУ „Ацо Русковски“-Берово, од 21.12.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 26. 11. до 26.11.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10. 1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.1.1. Евидентирањето на сметководствената документација во ОСУ „Ацо Русковски„, не се врши согласно одредбите на Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и согласно Уредбата за канцелариско и архивско работење, поради тоа што:

- документацијата не е ликвидирана, односно не е проверена нејзината точност;
- нема потврда за оправданоста на набавката од страна на одговорното лице;
- нема пишани процедури за прием, движење и евидентирање на документацијата;
- не се евидентира во архивска книга-деловодник, и
- на истата нема број и датум на приемот/ испраќањето;

Причина за ваквата состојба е наследената пракса од минати години. Поради тоа постои можност од несоодветни набавки, ненавремено и нецелосно евидентирање на документацијата во сметководството и изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

Одговорното лице да превземе активности согласно законските прописи да се изготват пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите во делот на приемот, контролата и движењето на сметководствените документи.

**10.2. Неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки**

10.2.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки за 2006 година ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и тоа:

- не е донесен план за потребите за набавки за 2006 година, што е спротивно на член 11 од Законот;
- нема донесено интерен акт за регулирање на набавките од мала вредност, што е спротивно на член 72 од Законот;
- во постапките за јавни набавки нема поднесено изјави за непостоење конфликт на интереси од страна на членовите на комисијата за јавни набавки, што е спротивно на членот 21 од Законот за јавни набавки.

10.2.2. По отворен повик бр 01/2005-Набавка на огревно дрво и нафта за учебната 2005/2006 за делот на набавката на дрва не се јавиле доволен број понудувачи согласно член 45 од Законот. И покрај тоа, комисијата за јавни набавки склучила договори со единствените понудувачи без да побара претходна согласност од Бирото за јавни набавки што е спротивно на членовите 66 и 67 од Законот.

Не спроведувањето на постапките за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки создава можност за необјективност, нееднаква положба на понудувачите и фаворизирање на одредени фирми.

**Препорака:**

Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки и подзаконските акти во сите аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката.

11. Според наше мислење освен за изнесеното во точка 10.1. финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на буџет за наменски дотации на ОСУ „Ацо Русковски“-Берово на 31 декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.2. на сметката расходи на буџетот на наменски дотации на ОСУ „Ацо Русковски“-Берово, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**Скопје, 12.02.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**ОСУ АЦО РУСКОВСКИ - БЕРОВО**
**СМЕТКА ЗА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ (903)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1 | 1,867 | 383 |
| **Вкупно приходи** | | **1,867** | **383** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1 | 1,867 | 383 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1,867** | **383** |
| **Вкупно расходи** | | **1,867** | **383** |

**ОСУ АЦО РУСКОВСКИ - БЕРОВО**
**СМЕТКА ЗА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ (903)**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1 | 460 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **460** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **460** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2 | 460 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **460** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **460** | **0** |



*Ул:„Маршал Тито“ бр.12/3*
*Палата Македонија – Скопје*
*тел:3211-262; факс 3126-311*

*Овластен државен ревизор*
------------------------------------------